Врз основа Член 137 од Законот за енергетика (Сл.Весник на Р.М. бр.16/11, 136/11, 79/2013), Член 19 од Правилникот за енергетска контрола (Сл.Весник на Р.М. бр.94/2013) и според Решение бр.03-70/1 од 24.01.2014 година од Агенцијата за Енергетика на Република Македонија, Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Технички факултет Битола, објавува

# О Г Л А С

за обука и полагање стручен испит за енергетски контролори

1.Услови за пријавување на огласот

На огласот може да се пријави секое физичко лице кое ги исполнува следните услови:

- Да има најмалку високо образование од техничка насока;
- Да има најмалку 5/пет/ години работно искуство во струката на работи на проектирање, надзор и одржување на градежни објекти, испитување на енергетски или процесни постројки, вршење на енергетски контроли или други енергетски услуги или работа на стручни или научни дејности од областа.

**Потребни документи и рокови**

2. Пријавување
Кандидатите кон пријавата која се наоѓа на web страната на Технички факултет Битола (www.tfb.edu.mk) поднесуваат:

- Документ за стекнато образование;
- Доказ (потврда) дека има најмалку пет години работно искуство во струката на работи на проектирање, надзор и одржување на градежни објекти, испитување на енергетски или процесни постројки, вршење на енергетски контроли или други енергетски услуги или работа на стручни или научни дејности од областа;
- Доказ – уплата во висина од 18.000 денари за спроведување на обука.
- По завршувањето на обуката, потребна е дополнителна уплата од 16.500 денари за полагање на испит за енергетски контролори.

Кандидатите се пријавуваат во архивата на Технички факултет Битола, или по пошта на адреса: Технички факултет Битола, ул. Иво Лола Рибар бб, 7000 Битола.

Обуката започнува од 03.03.2014 година во просториите на Техничкиот факултет Битола.

За подетални информации кандидатите можат да обратат до лицата за контакт

1. Вон.проф. д-р Ванѓелче Митревски 070 207 299 e-mail: vangelce.mitrevski@uklo.edu.mk
2. Вон.проф. д-р Владимир Мијаковски 070 339 767 e-mail: vladimir.mijakovski@tfb.uklo.edu.mk
3. Вон. Проф. Д-р Сања Поповска Василевска, 070 274 882, e-mail: pvsanja@yahoo.com
4. Мирјанка Илиевска 070 373 158